РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-871/1
23 -02- 2021 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по анонимна пријава за корупција, на продолжението на 46-та седница одржано на ден 19.02.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот 12-3546 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-3546/1 од 15.07.2019 година доставена од непознат подносител, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување по предметот со број 12-3546 од 2019 година.

Предметот со број 12-3546 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-3546 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-3546/1 од 15.07.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител - анонимна пријава.

Во пријавата се содржани наводи против директорка на ОУ „--------- ---------------- --------" ---------- , ----------- ----------------, за неправилно и незаконито работење во постапка за вработување на едно лице на работното место правник - секретар во ова училиште.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид сите наводи на подносителот и заради утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај ДКСК достави барање за податоци и информации до предметното основно училиште.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба, ДКСК го констатира следното:

- Во предметниот случај станува збор за наводи за неправилно и незаконито работење во ОУ „----- ---- ----------------- --------" ----------„ конкретно во постапка за вработување на едно лице на работното место правник во ова училиште, а на кое било вработено лице без работно искуство иако наводно за предметното вработување било потребно лицето да има работно искуство над три години.

Во пријавата се наведува дека станува збор за лице (---------- -----------) кое било ангажирано без објавување на оглас и со него бил склучуван нов договор секој месец, на штета на подносителот кој како

вработен во истото училиште ги исполнувал условите да конкурира за ова место доколку бил распишан оглас за вработување и со ваквиот чин му било ускратено правото од работен однос.

- На ден 21.05.2020 година, по барање на ДКСК доставено е известување од страна на ОУ „--------- ----------------- --------" ----------, со кое се доставува прилог документација за предметната постапка за вработување реализирана во периодот од 2018-2019 година, а во врска со работното место правник - секретар во училиштето. Од извршениот увид во доставената документација констатирано е дека:

*Предметната постапка за вработување се реализирала поради потребата на училиштето за вработување на еден административен службеник – советник за општи и нормативно правни работи – секретар, поради заминувањето на досегашниот работник во пензија. За оваа потреба била побарана согласност од Градоначалник на Општина --------- од 12.04.2018 година, за прием на работник за итни и неодложни работи – старо финансирање, за да немало прекин на континуитетот на работата.

*По барањето на ОУ бил добиен одговор за согласност од Градоначалник на Општина -------- од 18.04.2019 година, во која е наведено дека согласноста се издава за вработување на определено време со тоа што во наредниот период да се спроведе постапка согласно законот за вработување во јавниот сектор.

*На ден 25.04.2018 година, склучен бил договор за вработување на определено работно време во траење од три месеци, односно до објавување на јавен оглас како што е наведено во договорот заверен под архивски број на ОУ бр. --------, за вршење на работи на работното место секретар. Договорот бил склучен со лицето -------- -------- и училиштето претставувано од тогаш актуелниот директор (--------- ----- --------), со кој договор се засновал работниот однос на начин и под услови утврдени со Законот за работни односи.

*На 12.07.2018 година, од страна на ОУ „--------- ---------------- --------" до Општина --------- и до Министерство за образование и наука било доставено барање за добивање на согласност за објавување оглас за работното место *секретар* на училиштето од 12.07.2018 година и бил добиен одговор на барањето од 20.07.2018 година од Општина --------- со кој се известило дека бил испратен допис од Министерството за образование и наука, во кој општината побарала да добие согласност за вработувањето и во кој го известува Министерството дека го подржува барањето на ОУ за распишување на оглас за пополнување на предметното работно место на неопределено работно време. На 07.02.2019 година, до ОУ било доставено известување од Општината со кое ги известува и им го доставува во прилог добиениот допис од Министерството со преглед на одобрена согласност за вработување едно лице на работно место – секретар од 09.01.2019 година, за кое била обезбедена согласност и од Министерството за финансии од 21.12.2018 година, а која била продолжена да важи и во 2019 година. За ова била известена Општина --------- со допис од Министерство за образование и наука - Сектор за основно образование со нивен бр. ------- од 05.12.2019 година и истото го доставиле до ОУ на ден 11.12.2019 година.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во врска со предметните наводи на конкретниот случај не се потврдени предметните наводи за неправилно и незаконито работење на предметното основно училиште во постапката за вработување на едно лице на работното место правник, односно дека предметната постапка за вработување била реализирана на начин и под услови утврдени со Законот за работни односи, на определено работно време од три месеци и за истата

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

била обезбедена согласност од Градоначалникот на Општината потребна за реализација на предметното вработување, како и била поведена постапка и обезбедена согласност од Министерството за образование и наука за распишување на оглас за пополнување на предметното работно место на неопределено работно време. Со оглед на констатираното, Државната комисија оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по овој предмет, постапката по истиот се запира, а предметот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива

По заклучок на ДКСК,Изработил: Ј.Ц, Советник
Одобрил : м-р В.Г., Член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk